РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 03-545/18
16.09 2026 год.
РОСОМАН

# ЗАПИСНИК

**од трета форумска сесија во рамки на Проектот**
**„Зајакнување на општинските совети – Фаза 2“ во Општина Росоман**

**Датум: 16.09.2026**

**Место: мала сала ООУ „Пере Тошев” Росоман**

**Час: 19:00 часот**

**Присутни граѓани: Вкупно: 42 Мажи: 20 Жени: 22**

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија):

**19:00 – 21:00**

- **Добредојде на присутните, претставување на дневниот ред и целите на третата форумска сесија**
- **Преглед на предходната сесија и работата меѓу сесии**
- **Презентација и усвојување на записник од втората форумска сесија**
- **Презентација на критериуми за проекти**

**Презентација на предлог проект (1) - Изградба, реконструкција и уредување на јавни паркови и зелени површини во Општина Росоман**

**-Дискусија (коментари, предлози и препораки)**

**Презентација на предлог проект (2) – Уредување на дворови (парк и реквизити) во училиште и градинка**

**-Дискусија (коментари, предлози и препораки)**

**Презентација на предлог проект (3) – Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад**

**-Дискусија (коментари, предлози и препораки)**

- **Одредување на термин за следната сесија**

- **Оценка на форумската сесија**

**Тек и содржина на сесијата**

*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Форумот започна во 19:00 часот и присутните ги поздрави модераторот Владимир Величковски, со претставување на дневниот ред и целите на третата форумска сесија.

Модераторот накраток ги запозна присутните за форумот како процес, донаторот и како се одвиваа претходните два форуми како и резултатите од истите. Потенцира дека на оваа трета сесија ќе се претставаат работните групи со презентациии за трите проекти кои ги прифати форумот на втората сесија.

Модераторот го презентираше записникот од претходната сесија, кои беа главните теми, заклучоци и препораки. Даде можност за дискусија и коментари по записникот, никој од присутните немаше забелешки, со што се констатира дека форумот го прифаќа записникот од втората форумска сесија.

Модераторот ги потсети присутните за процесот на работа, правилата и критериумите дадени од донаторот за проектите. Ги презентира и резултатите од спроведената комуникација со работните групи помеѓу сесиите, со цел да се разјаснат сите прашања околу пополнување на формуларот за предлог проектите, потребни дополнувања и документи. Нагласи дека се разменија мислења помеѓу членовите од работната и оперативната група, за да предлог проектите се подобрат и да се доработат со потребната техничка документација и основен проект пред да се аплицира кај донаторот.

Ги претстави трите предлог проекти кои ќе се презентирааат на оваа сесија:

1. Изградба, реконструкција и уредување на јавни паркови и зелени површини во Општина Росоман
2. Уредување на дворови (парк и реквизити) во училиште и градинка
3. Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад

Исто така ги претстави и листата на препораки од форум на заедницата од изминатите сесии:

1. Набавка на систем за греење и уредување на кујна во училиштето
2. Реконструкција и опремување на мултифункционална сала за одржување на инклузивни настани
3. Отворање на нова или опремување на постоечка библиотека
4. Воспоставување и опремување на женски спортски клубови

5. Пошумување на голи ридови и чистење на канали

По презентирањето на модераторот, се пристапи кон презентирање на предлог проектите од страна на работните групи.

**Презентација на предлог проект (1) - Изградба, реконструкција и уредување на јавни паркови и зелени површини во Општина Росоман**

Овој предлог проект беше претставен од работната група општинска администрација а го презентираше градоначалникот Ѓорѓи Крстевски, во рамките на презентацијата истакна дека во Општина Росоман постојат јавни паркови и зелени површини кои имаат потреба од реконструкција и дополнително уредување. Покрај потребата од унапредување на постојните површини, идентификувана е и потреба од изградба на две нови парковски површини. На дел од локациите недостигаат урбана опрема, клупи, канти за отпад, детски реквизити, пешачки патеки, соодветно осветлување и ново зеленило. Постојната состојба го ограничува целосното користење на овие простори за рекреација, дружење и одмор и ја намалува нивната безбедност и функционалност. Главна цел на овој проект е да се подобри квалитетот, безбедноста и функционалноста на јавните зелени површини во Општина Росоман преку изградба, реконструкција и уредување на паркови, со создавање пристапни простори за рекреација, дружење и одмор за сите жители. Општина Росоман ќе биде носител и координатор на проектот. Партнери во овој проект би биле јавното комунално претпријатие кое ќе придонесе во одржувањето и грижата за уредените површини,месните заедници кои ќе учествуваат во идентификувањето на локалните потреби и следењето на состојбата на парковите и Основното училиште кое може да придонесе преку информирање и вклучување на учениците во активности поврзани со одговорно користење и зачувување на јавните зелени површини.

Планираниот буџет за проектот е околу 25 000 УСД.

Од страна на модераторот се отвори дискусија дали некој од присутните има коментари, предлози или пак препораки.

Во однос на овој проект немаше коментари и предлози од страна на присутите при што модераторот ги сумираше презентираните податоци од страна на работната група, ги потенцира главните аспекти на проектот во делот на активности, социјална инклузија, животна средина итн, ја оцени презентацијата како квалитетна со добра анализа и статистички податоци. Потоа го предложи проектот пред учесниците на форумот, кои го прифатија да продолжи во следна фаза.

**Презентација на предлог проект (2) – Уредување на дворови (парк и реквизити) во училиште и градинка**

Овој предлог проект беше претставен од работна група обрзование, млади и спорт, а го презентираше Цветанка Трпевска, која во рамките на презентацијата истакна дека дворовите на основното училиште и детската градина во Општина Росоман имаат потреба од дополнително уредување и модернизација. Потребна е реконструкција на дел од дворовите и нивно претворање во безбедни и функционални простори за игра, рекреација и учење на отворено. Главна цел на овој предлог проект е да се подобрат условите за престој, игра и рекреација на децата преку уредување на училишниот и дворот на детската градинка, создавање на побезбедна

и поатрактивна средина и поттикнување на физичката активност и социјална инклузија. Во рамките на овој предлог проект планирано е да се направи уредување и опремување на дворот на ООУ „Пере Тошев“ и на детската градинка „Праскичка“ со соврмени детски реквизити, да се подобри безбедноста на дворните повшини преку соодветна урбана опрема како и да се обезбедат засенети и хорикултурно уредени зони за одмор и активности на отворено. Партнери во рамките на проектот би биле Општина Росоман, ООУ „Пере Тошев“, детската градинка „Праскичка“, Советот на родители и доколку се пријават општествено одговорни фирми.

Планираниот буџет за проектот е околу 20 000 УСД.

Од страна на модераторот се отвори дискусија дали некој од присутните има коментари, предлози или пак препораки.

Симона Ѓелевска постави прашање „Дали во рамките на проектот е планирано поставување на реквизити за инклузија на деца со попреченост?“

Цветанка Трпевска одговори дека во рамките на овој проект е планирано поставување на реквизити за инклузија на деца со попреченост како и подобрена пристапност на дворовите за децата со попреченост.

По дискусијата модераторот ги сумираше презентираните податоци од страна на работната група, ги потенцира главните аспекти на проектот во делот на активности, социјална инклузија, животна средина итн, ја оцени презентацијата како квалитетна со добра анализа. Потоа го предложи проектот пред учесниците на форумот, кои го прифатија да продолжи во следна фаза.

**Презентација на предлог проект (3) – Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад**

Овој предлог проект беше претставен од работната група животна средина а беше презентиран од Александар Стојанов, како предлог проект за Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад. Тој во презентацијата истакна дека во Општина Росоман постојат повеќе јавни површини, паркови, просторот околу училиштата, градинката, верските објекти и излетничките места кои периодично се загадуваат со отпад. Во руралните населени места недостигаат организирани пунктови за селекција на отпад, а кај дел од населението особено младите е потребно дополнително подигање на свеста за заштита на животната средина. Затоа е потребно воспоставување на неколку фиксни пунктови за селекција на отпад како и организирање повеќе еколошки акции во текот на годината со активно вклучување на локалната заедница. Главната целта на овој проект е да се подобри чистотата и уредноста на јавните површини во Општина Росоман, да се воспостави систем за селекција на отпад и да се поттикне одговорно однесување кон животната средина преку активно учество на ѓраѓаните, особено младите и ранливите категории. Во рамките на овој предлог проект се планира да се постават контејнери и канти за селекција на отпад на неколку клучни јавни локации, да се воспостават фиксни пунктови за селекција на отпад во руралните населени места, да се овозможат и потикнат организирање на еколошки акции и едукативни активности за подигање на јавната свест, особено на младите и да се зајакне соработката помеѓу општината, ЈПК Росоман и локалната заедница за одржливо управување со отпад. Како носител на овој проект се јавува

општина Росоман, но главен партнер е ЈПК Росоман кое ќе биде одговорно за редовно одржување и празнење на поставената опрема.

Планираниот буџет за проектот е околу 18 000 УСД.

Од страна на модераторот се отвори дискусија дали некој од присутните има коментари, предлози или пак препораки.

Од страна на Рената Тасева беше поставено прашање „Дали останатите населени места во општина Росоман се опфатени со овој проект за набавка на канти и контејнери за селекција на отпад?“

Александар Стојанов одговори дека во овој проект е предвидено да да се воспостават фиксни пунктови за селекција на отпад и во руралните населени места.

По дискусијата модераторот ги сумираше презентираните податоци од страна на работната група, ги потенцира главните аспекти на проектот во делот на активности, социјална инклузија, животна средина итн, ја оцени презентацијата како квалитетна со добра анализа и статистички податоци. Потоа го предложи проектот пред учесниците на форумот, кои го прифатија да продолжи во следна фаза.

По завршување на излагањата на предлог проектите, беше сумирана сесијата и се побара од учесниците да ги пополнат листите за евалуација.

Пред крајот модераторот нагласи дека следниот форум се планира на 30.09.2026 и воедно им се заблагодари на учесниците за нивното учество, и ги покани да присуствуваат и на следната сесија на која ќе се приоретизираат проектни идеи и ќе имаат можност да одберат кој проект да се аплицира и пота и спроведе во нивната општина.

Со тоа форумската сесија беше затворена.

Записникот го водела
Христина Димова

**Табела за квалитет на учество на 3-та сесија од Програмата „Форуми во заедницата“ во општина Росоман**

| **Проектни идеи** | **Податоци за предлагачот** | | | | **Прифатен / Одбиен** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Име и презиме | Етничка припадност | Пол | Занимање | | |
| *Изградба, реконстукција и уредување на паркови* | Ѓорѓи Крстевски | Мак | Машки | | прифатена | |
| *Уредување на дворови (паркови и реквизити) во училиште и градинка* | Цветанка Трпевска | Мак | Женски | | прифатена | |
| *Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад* | Александар Стојанов | Мак | Машки | | прифатена | |

| **Препораки** | **Податоци за предлагачот** | | | | **Прифатен / Одбиен** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Име и презиме | Етничка припадност | Пол | Занимање | | |
| *Набавка на систем за греење и уредување на кујна во училиштето* | Трајанка Ризова | Мак | Женски | Директор на ОУ Пере Тошев | прифатена | |
| *Реконструкција и опремување на мултифункционална сала за одржување на инклузивни* | Стојанче Саздов | Мак | Машкии | дефектолог | прифатена | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *настатни* | | | | | | |
| *Отворање на нова или опремување на постоечка библиотека* | Маријан Димова | Мак | Женски | Наставник во ОУ Пере Тошев | Прифатена | |
| *Воспоставување и опремување на женски спортски клубови* | Рената Тасева | Мак | Женски | | Прифатена | |
| *Пошумување на голи ридови и чистење на канали* | Весна Јаневска | Мак | Женски | | Прифатена | |

| **ОДЛУКИ НА ФОРУМОТ** | | |
|---|---|---|
| **Одлука** | **Консензуална? (да / не)** | **Забелешка** |
| Усвоен записник од 2-ра форумска сесија | Да | |
| Прифаќање на проектот: Изградба, реконструкција и уредување на јавни паркови и зелени површини во Општина Росоман | Да | |
| Прифаќање на проектот: Уредување на дворови (парк и реквизити) во училиште и градинка | Да | |
| Прифаќање на проектот: Набавка на опрема (контејнери и канти) за селекција на отпад | Да | |